и1525
9792, 14.15,



ПОЗНАТИ ДЕЦА НА ПОЗНАТИ РОДИТЕЛИ

МИЛЕ И РУБЕНС КОРУБИН

# ТРАГАЧИ ПО НЕОТКРИЕНИ ФОРМИ

**Марија Таушанска АНАСТАСОВСКА**

**Уметникот најдобро можеме да го запознаеме гледајќи ги неговите дела, секое како чедо изнедрено во душата, родено во неговата бескрајна имагинација. Набљудувајќи ги делата на Миле и Рубенс Корубин, татко и син, две значајни фигури во македонското сликарство, може да се „ѕирне“ и во нивната длабока интима, во соништата. И на прв поглед нивните слики се толку различни: кај Миле преовладува една смиреност и чистота на формите, со очигледно присуство на истражувачки дух, додека делата на синот Рубенс се особени по својата мистичност, занатски доведени до перфекција, со префинети движења, кои зрачат со духовност и творечки немир. Сепак, велат тие, иако навидум немаат многу заедничко, секој цврсто чекорејќи по својот пат, тие наоѓаат некоја интимна внатрешна врска во формата и во обработката, како и во романтизмот што го носат во гените.**

Некои животни ситуации како да се повторуваат во нивните животи – и двајцата се родени во Прилеп, „македонска Фиренца“, како што вели Миле Корубин, и едниот и другиот биле на студиски престој во Париз, претходно дипломирајќи на истата Белградска ликовна академија, и двајцата се занимаваат (или се занимавале) со педагошка работа: Миле долго години бил директор и професор на Средното уметничко училиште во Скопје, а Рубенс е професор на Факултетот за ликовни уметности. Се разбира заедничка им е и вљубеноста во сликарството, бидејќи никогаш не помислувале да се занимаваат со нешто друго, а моментно и двајцата се наоѓаат во една плодна творечка фаза, во која наизменично се сменуваат чувството на среќа и неспокој.

## ● ПРЕДОДРЕДЕН СО ИМЕТО

**– Уште како мал Рубенс постојано црташе, а своето блокче пред да заспие го ставаше под перницата. Сепак, мајка му сакаше тој да биде лекар, а јас архитект, бидејќи архитектурата и сликарството се многу слични. Но тој беше непоколеблив и рече дека не сака ништо друго да студира, вели Миле Корубин.**

Рубенс се сеќава дека уште како дете со огромно љубопитство гледал како татко му белата површина на платното ја претвора во слика.

**– Имаше повеќе моменти што ми оставија голем впечаток, на пример кога татко ми работеше на сликата „Убиството на Гоце Делчев“, кога му позираше актерот Дарко Дамевски или пак еднаш кога заедно отидовме во Зоолошката градина, тој носејќи го својот сликарски прибор и еден кожен триножец. Подоцна, кога му реков дека цврсто сум решен да студирам во Белград, тој ме прошета по повеќе ателјеа на свои пријатели уметници веројатно сакајќи да ми каже што ме чека во иднина и да провери колку е силна мојата желба, вели Рубенс.**

А тој го добил името на големиот сликар Рубенс, сосема случајно.

– Кога мајка му требаше да се породи, иако и двајцата бевме студенти во Белград мојата желба беше тој да се роди



Снимил: Ж. ИЛИЕВСКИ

ДВЕ ЗНАЧАЈНИ ФИГУРИ ВО МАКЕДОНСКОТО СЛИКАРСТВО. – МИЛЕ И РУБЕНС КОРУБИН

во Прилеп. Кога кумот Бошко Бабиќ по телефон ми јави дека сум добил син, ми рече да го крстиме Леонардо. А јас реков: „Глупости подобро Рубенс ќе го крстам“!, а тој ми ја затвори слушалката, и така името остана, се сеќава Миле.

Како колеги уметници, Миле и Рубенс имаат многу близок и се разбира искрен однос кон работата на другиот.

– Ако имате близок пријател, неговиот однос кон вас може да биде искрен до одредена граница, но во нашата релација владее апсолутна искреност, отвореност без резерви и без зла намера. Татко ми отсекогаш бил мој најголем критичар, еве веќе 30 години. Во нашите разговори понекогаш се отвораат и некои тајни патишта. Тој можеби за моето творештво мисли и ноќе како што јас мислам на неговото, вели Рубенс.

**● ПОВТОРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ СИТУАЦИИ: ДВАЈЦАТА СЕ РОДЕНИ ВО ПРИЛЕП, ДВАЈЦАТА БИЛЕ НА СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ ВО ПАРИЗ, ДВАЈЦАТА ЗАВРШИЛЕ НА ИСТА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА И ДВАЈЦАТА СЕ ЗАНИМАВААТ И СО ПЕДАГОШКА РАБОТА**

А што всушност мисли Миле Корубин за сликарството на својот син:

**– Ние имаме различен свет, различни визии што ги пренесуваме на платното. Тој има една насока во своето сликање, што го води кон неговиот сликарски неоромантизам. Честопати јас за моите слики велев дека се футуристички, но, еве ова не сум го кажал никогаш досега, мислам дека Рубенс е поголем футурист од мене, тој е сликар на 21-от век.**

## ● СЕКОГАШ НОВА ВРАТА

Слушајќи ги за првпат овие убави зборови Рубенс рече:

– Жена ми, кажа еднаш една многу убава мисла за сликите на татко ми, и тоа непосредно пред да се породи: „Сликите на Миле делуваат толку смирувачки и толку свечено во исто време“. А тој често порано велеше дека јас сум таткото а тој е синот, ставајќи се себе си во позиција на помладешки дух.

**– Јас не се споредувам само со синот, туку и со сите сликари, бидејќи секој го бара своето место, знаејќи ја својата вредност се надоврзува Миле, сепак она што го реков сега за Рубенс е точно, тој сега е 30 години пред мене.**

Оваа негова критичност е карактеристична и за неговиот однос кон сопственото творештво. Тој никогаш не е задоволен од своите слики, па се случува иако некое негово дело добило и награда тој постојано да го доработува, дотерува. Уште како дете кога сликал акварели покрај прилепската река, незадоволен ги пуштал да ги однесе водата. „Сепак, ако воопшто постои среќата, среќен сум што сум сликар и што можам се уште да работам, па би сакал така да биде и во наредните десетина години“, вели.

**– Нашиот занает е перфектен, потврдува Рубенс, и можете колку сакате да ја напојувате душата со она што го сакате. А по секоја довршена слика, доаѓа чувството на задоволство, кое за миг се сменува со отворање на една нова врата, со нов неистражен простор, од кој целиот ќе се „наежите“, каде морате да ја пронајдете својата патека.**

Сè во нивниот живот е поврзано со сликарството, па така и очекувањата за годинава. Миле подготвува изложба и сега е преокупиран со неа, а потоа веднаш ќе започне нов циклус. Синот Рубенс пак, ќе се претстави со нови дела дури во 1996 но и годинава за него главно ќе биде сликарството.

**– Се што ќе ми помине низ главата би сакал да го насликам и секогаш мислам уште малку и ќе успеам, вели Рубенс. – Но човек цел живот се прави себе си, всушност цел живот го слика својот портрет.**